# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.169 од 30.09.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 41/14 и 72/15), членот 6 се менува и гласи:
„Архивскиот материјал кој е создаден во електронска, дигитална, оптичка или друга форма (запис), се архивира во изворна форма во која е создаден.
Архивскиот материјал од ставот 1 на овој член, доколку не е можно да се архивира во електронска, дигитална, оптичка или друга форма (запис), се пренесува во хартиена форма."

**Член 2**

Во членот 36 став 1 по алинејата 19 се додава нова алинеја 20, која гласи:
„- врши научно-стручни истражувачки работи на архивскиот и документираниот материјал и документ/запис предадени на чување во Државниот архив кои имаат историска, научна и културна вредност кој е од значење за Републиката, и негово публикување по истекот на 10 години, откако се предадени на чување во Државниот архив и".

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".